Дејан Лилиќ (26.10.1974, Скопје), актер. Дипломира актерска игра во 1997 година на Факултетот за драмски уметности, Скопје во класата на Владимир Милчин. Вработен во Драмски театар Скопје од 1998 година. Во периодот 2007–2010 година е уметнички директор на Драмски театар Скопје, а од 2010 до 2015 година генерален директор на Македонскиот народен театар. Во периодот 2004–2010 година е генерален директор и на продукцијата „Елефант“. Во 2019–2020 година завршува постдипломски студии по право на интелектуална сопственост на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ТЕАТРОГРАФИЈА

Драмски театар Скопје

(2021) – *Изведувач* во „Драмски за Конески“;

(2018) – *Михаел* во „Фестен” од Дејвид Елдриџ, режија: Зоја Бузалковска;

(2012) – *Леоне* во „Генетика на кучињата“ од Венко Андоновски, режисер: Дејан Пројковски;

(2010) – *Хамлет* во „Хамлет“ од Вилијам Шекспир, режија: Дејан Пројковски; *Чалмерс* во „Догодина во исто време“ од Бернард Слејт, режија: колективна, копродукција;

(2009) – *Томас Мор* во „Кинегонда во Карлаленд“ од Венко Андоновски, режисер: Сашо Миленковски; *Александар Македонски* во „Александар“ од Љубиша Георгиевски, режисер: Љубиша Георгиевски;

(2007) – *Миќо* во „Комшилук наопаку“ од Нина Митровиќ, режисер: Нени Делместре; *Г-дин Плав* во „Касапски кучиња“ од Квентин Тарантино, адаптација и режија: Бојан Трифуновски;

(2006) – *Иљо* во „Демонот од Дебар Маало“ од Горан Стефановски, режисер: Слободан Унковски;

(2005) – *Михајло* во „Лет во место“ од Горан Стефановски, режија: Љупчо Ѓорѓиевски; *Падрајк* во „Поручникот од Инишмор“ од Мартин Мекдона, режија: Зоја Бузалковска; *Челик* во „Купидона“ автор и режисер: Срѓан Јаниќијевиќ;

(2004) – *Човекот со палка / Лени* во „Марисол“ од Хозе Ривиера, режисер: Владимир Милчин; *Тим* во “Everyman” („Жив човек“) од Горан Стефановски, режија: Деан Дамјановски;

(2003) – *Царот Дувниветре* во „Како се станува цар“ од Афродита Кирјаковска, режисер: Зоја Бузалковска;

(2002) – *Вториот* во „Кутрите мали хрчки“ од Гордан Михиќ, режија Иво Лауренчиќ, копродукција; *Чарли* во „Собрани дела на Вилијам Шекспир“ според Том Стопард и Вилијам Шекспир, режисер: Златко Славенски; *Капетанот* во „Есперанца“ од Жанина Мирчевска, режисер: Александар Чаминski;

(2001) – *Војдан* во „Тетовирани души“ од Горан Стефановски, режија: Сашо Миленковски; *Повеќе улоги* во „MACEDOINE ОДИСЕЈА 2001“, драмска композиција од многу македонски книжевни дела, народни мудрости и историски документи,

драматизација: Иван Поповски и Зоја Бузалковска, режија: Иван Поповски, Копродукција со Охридско лето, МНТ, Скопје и НТ Битола;

(2000) – *Иван Соловјов или Соловеј* во „Земјомерот“ од Николај Кољада, режија: Владимир Милчин; *Шереф* во „Ферхад и Ширин“ според Назим Хикмет, адаптација и режија: Јуџел Ертен; *Жан Дестие* во „Јована Орлеанска“ драматизација (според филмското сценарио на Карл Дреер): Братислав Димитров, режисер: Љубиша Георгиевски; *Гласот на демократијата, затворски звучник што подарува слобода* во „Кандид во земјата на чудата“ од Венко Андоновски, режисер: Сашо Миленковски; *Стефан* во „Диво Месо“ од Горан Стефановски, режија: Александар Поповски;

(1999) – *Флофиндо Аретузо* во „Арлекин – слуга на двајца господари“ од Карло Голдони, режисер: Коле Ангеловски;

(1998) – *Спасе / Прв овчар / Трет критичар* во “FUCK YOU!” според истоимената збирка американска *underground* поезија и „Македонска крвава свадба“ на Војдан Чернодрински, драматизација и режија: Искра Стојковска, ФДУ/ Мала станица / Драмски театар Скопје; *Бил* во „Тхе Ловер“ според драмските текстови на Дејвид Ајвс, Херолд Пинтер и Керол Черчил; *Керубин* во „Свадбата на Фигаро или Налудничав ден“ од Пјер Бомарше, режисер: Коле Ангеловски;

(1997) – *Моровов / Поп / Гоце / Репортер* во „Фурка“ од Огнен Георгиевски, режија: Дритро Касапи; *Валентин*, во „Фауст“ од Јохан Волфганг Гете, Хајнер Милер, Кристофер Марлоу, режија: Ѓорѓи Јолевски, копродукција со Неформална театарска група „Квартет“, Скопје; *Брадата* во “This Is Not An American Movie” („Ова не е американски филм“), автор и режисер: Сашо Миленковски; *Актер посттрагичар* во „Среќата е нова идеја во Европа“ од Јордан Плевнеш, режија: Владо Цветановски; *Ојдип* во „Ојдипус Тиранос“ од Софокле, режисер: Зоја Бузалковска; *Кристофер Махон* во „Заводникот од западниот свет“ од Џон Милингтон Синг, режија: Коле Ангеловски;

(1996) – *Гонзаго и Зигфрид* во „Дона Хуана“ од Анка Виздеј, режија: Коле Ангеловски.

Независна сцена и други театри (избор)

Македонија

(2017) – *Неговиот татко* во „Тајно моја“, мјузикл посветен на Тоше Проески, режија: Тони Михајловски; Македонска опера и балет, Скопје;

(2016) – *Крис Келвин*, во „Соларис“ од Станислав Лем, режија: Андриј Жолдак, Винер Фествохен, Македонски народен театар, Скопје;

(2015) – *Мајсторот* во „Мајсторот и Маргарита“ од Михаил Булгаков, режија: Иван Поповски, Македонски народен театар, Скопје;

(2013) – *Орце Поп Јорданов* во „Вечната куќа“ од Јордан Плевнеш, режија: Дејан Пројковски, Македонски народен театар, Скопје;

(2012) – *Ромео* во „Ромео и Јулија“, триптих според истоимените дела на Вилијам Шекспир, Сергеј Прокофјев и Шарл Гуно, режија: Дејан Пројковски, Охридско лето, Н.Т. Битола и Театарот „Вера Комисаржевскаја“, Санкт Петербург, Русија;

(2008) – *Фигаро*, во „Фигаро се разведува“ од Еден фон Хорват, режија: Куштрим

Бектеши, Македонски народен театар, Скопје;

(2006) – *Помладиот брат*, во „Превртач“ од Ненад Вујадиновиќ, режија: Јовица Павиќ, Македонски народен театар, Скопје;

(2003) – *Петар Николаевич* во „Магдо, љубов моја“ од Сашко Насев, режисер: Димитар Станковски, МНТ/ Универзална сала, Скопје;

(1999) – *Стражарот* во „Антигона во Техноленд“ според Софокле, режисер: Галин Стоев, МНТ; „Македонскиот Фауст“ од Младен Србиновски, режија: Сашо Миленковски, Театар Вавилон, Скопје;

(1998) – *Тој* во „Бесконечно патување“, кореодрама, кореограф и режисер: Искра Шукарова, МНТ;

(1997) – *Бато* во „Позитивно мислење“ од Сашко Насев, режисер: Димитар Станковски, Неформална група „Позитивно мислење“ и Универзална сала, Скопје;

(1994) – *Арлекин* во „Каменот на мудроста“ од Југослав Петровски, режија: Југослав Петровски, МКЦ, Скопје.

Надвор од Македонија

(2025) – *Дон Жуан* во „Дон Жуан“ од Жан-Батист Поклен Молиер, режија: Васил Василев, Народен театар Ниш, Србија;

(2024) – *Митке* во „Коштана“ од Бора Станковиќ, режија: Јана Маричиќ, Народен театар Ниш, Србија;

(2021) – *Св. Архангел Михаил* во „Чудото на Свети Ѓорѓи“ од Русомир Богдановски, режија: Никола Завишиќ, копродукција Народен театар Ниш (Србија), Драмско- куклен театар Плевен (Бугарија), Класичен театар „Јоан Славичи“ Арад (Романија);

(2019) – *Иванов* во „Иванов“ од А. П. Чехов, режија: Андриј Жолдак, Црногорски народен театар, Подгорица.

РЕЖИЈА

Режисер е на повеќе детски претстави реализирани во продукција на проектот на Сорос „Чекор по чекор“ и „Детскиот креативен центар“ од Скопје во периодот 1997–2001, на детски претстави во Арт центар „Креатив“, како и на сценска работа со деца со посебни потреби со хуманитарните организации „Свет на разлики“ и „Различни, но еднакви“ од 1995 година до денес.

ФИЛМ И ТЕЛЕВИЗИЈА (ИЗБОР)

Филмови: „Збогум, Копакабано“ (2026); „Once Upon a Sound“ (2022); „Кајмак“ (2022); „Кино љубов“ (2022); „Само човек“ (2020); „Стела“ (2020); „Дедо и внук“ (2019); „Сон за крвта и душата“ (2018); „Ослободување на Скопје“ (2016); „Лазар“ (2015); „Измама“ (2012); „Скопје ремикс“ (2012)“; „Досие К“ (2007); „Боли ли? Првата балканска догма“ (; „Одмазда“ (2001); „Gipsy Magic“ (1997);

ТВ серии и ТВ-филмови: „Бистра вода“ (2023); „Инсајдер“ (2017); „На терапија“ (2017); „Фамилијата Марковски“ (2017); „12 мајмуни“ (2015); „Кум“ (2015); „Тврдокорни“ (2013); „Трето па машко“ (2011); „Американецот“ (2006); „Седум приказни за љубовта и свршувањето“ (2003); „Заведени“ (2002); „Во светот на бајките 2“ (1995–2001);

Водител на ТВ-емисии: „Седмо небо“, квиз, (2020–2021); „Листа за триста“, квиз, Сител ТВ; „Торпедо“, квиз, Македонска радио-телевизија; „М2 шоу“ – музичка емисија, Македонска радио-телевизија / Канал 5 / Сител ТВ (2005–2007); „Арена“, забавна емисија во живо, Универзална сала и Македонска радио-телевизија; „Клуч“, квиз за ученици од основните училишта, Македонска радио-телевизија.

ГЛАСОВНА РАБОТА

Детски анимирани серии и долгометражни филмови: 2003–денес. Од милионите снимени минути, ова се дел од најпознатите наслови: „Штрумфови 2“, „Приказната за Десперо“, „Кунг-фу панда“, „Пожарникарот Сем“, „Лего Нинџаго“, „Бакуган“, „Мачорот со шапка“.

Радиоемисии: 1990–2016. Радиоводител на: Првата приватна радиостаница Канал 4, од нејзиното отворање во 1990 до 1994 година и на Радио Уно (1998-2000) Радио Слободна Македонија (2014–2016).

НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

МТФ „Војдан Чернодрински“, Прилеп

- Награда за најдобра машка епизодна улога „Димче Трајковски“ за Леоне во претставата „Генетика на кучињата“ (2012);
- Награда за најдобра машка улога за Хамлет во претставата „Хамлет“ (2011);
- Награда за најдобра машка улога за Човекот со палка за голф и Лени во претставата „Марисол“ (2004) ;
- Награда за најдобра машка улога за Стефан во претставата „Диво месо“ и Гласот на демократијата, затворски звучник што подарува слобода во претставата „Кандид во земјата на чудата“ (2001);

Други награди

- Награда за најдобар актер на Меѓународниот театарски фестивал „ФИАТ“, Подгорица, Црна Гора, за Хамлет во претставата „Хамлет“ (2014);
- „Златен глумбал“ за најдобро актерско остварување на Меѓународниот театарски фестивал „Глумбал“, Ниш, Србија, Хамлет во претставата „Хамлет“ (2011);
- Награда „Љубомир Муци Драшкиќ“ за најдобар актер на вечерта на Меѓународниот театарски фестивал „Муцијеви дани“ одржан во театарот „Ателје 212“ во Белград, Србија за Хамлет во „Хамлет“ (2011);
- Награда „Актер на годината за 2010“ доделена од дневниот весник „Дневник“ за Хамлет во „Хамлет“ (2011);
- Награда „13 Ноември“ доделена од Град Скопје за остварувања во областа на театарот (2010);
- Награда за најдобар актер на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за Хамлет во претставата „Хамлет“ (2010);
- Награда „Златна маска во светот на успехот“, признание доделено врз основа на изборот на граѓаните на Република Македонија (2010);
- Награда „Златна бубамара на популарноста“ (2010);
- Награда за најдобар актер на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“ за Александар Македонски во претставата „Александар“ (2009);
- Награда „Ристо Шишков“ на Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков“, Струмица за Помладиот брат во претставата „Превртач (2006);
- Награда „Златна бубамара на популарноста“ (2004);
- Награда „Златна маска“ на Охридско лето за Александар Македонски во претставата „Macedoine – Одисеја 2001“ (2001);
- Награда „Златна бубамара на популарноста“ (2000);
- Награда за најдобра епизодна улога во 1998 според изборот списанието „Екран“ за Бил во претставата „Тхе Ловер“ (1999);
- Награда за најдобар млад актер во 1997 според изборот на списанието „Екран“ (1998).

ДРУГИ ПРОФЕСИОНАЛНИ ИСКУСТВА

Консултант и предавач по ораторски вештини, јавно говорење, јавни настапи на различни медиуми и дебатирање; разрешување конфликти и менаџирање во фирми, развој на комуникациски вештени во образовни установи; јавно говорење за синдикални лидери; за различни установи, фондации и семинари: Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, IN2, Скопје, USAID, Телеком, CEED, SIER, Град Скопје, QUINTILIAN, „Вработување – Едукација“, Detra, Скопје и други.

ПУБЛИКАЦИИ

- „Ефективна комуникација“, Скопје – од Даниела Блажевска и Дејан Лилиќ. USAID, Скопје;
- „Комуникациски вештини“, Скопје – од Даниела Блажевска и Дејан Лилиќ. Вработување, Скопје.